# МЕЃУНАРОДНА НАУЧНА КОНФЕРЕНЦИЈА ПРАВО И ОПШТЕСТВНИ ВРЕДНОСТИ – ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ ВО НИШ, 21 И 22 АПРИЛ 2023

## ОСИГУРУВАЊЕТО ВО РСМ ЗА ВРЕМЕ НА КОВИД 19 НИЗ ПРИЗМАТА НА КОМПАРАТИВНИОТ СЕКТОР ЗА ОСИГУРУВАЊЕ И НИВНИОТ ОДГОВОР НА ПАНДЕМИЈАТА

Вонреден професор д-р Марија Амповска

Правен факултет, Универзитет Гоце Делчев во Штип

# ОПШТИ НАПОМЕНИ

По традиција ризиците кои не постоеле во минатото не биле предмет на покривање ниту исклучувања во општите и посебните услови за осигурување.

Условите за осигурување кои се применуваа пред појавата на епидемија / пандемија, како по правило, не обезбедувале покриеност за коронавирус, ниту тие експлицитно исклучувале таква обврска на списокот на непокриени ризици и штети.

Анализата на условите за осигурување покажа дека осигурителите брзо реагирале и внеле соодветни формулации во нивните услови за лично осигурување дека обврската на осигурителот се исклучува во случај на епидемиски и пандемиски ризици.

Едно од правилата во осигурувањето е да не се покриваат настани кои имаат голем штетен потенцијал, т.е. кои во исто време влијае на голем број членови на ризичната заедница (како војни, катастрофи, епидемии на болести).

Здравствениот систем и здравственото осигурување изложени се, не само на притисок поради пандемиски ризици, туку и поради барањата на корисниците кои страдаат од други здравствени проблеми.

# ПРАВИЛА НА ОСИГУРУВАЊЕТО

# ПАНДЕМИЈА – НЕПОЗНАТ ВИРУС ИЛИ БАКТЕРИЈА

Нов ризик се дефинира како ризик кој претходно не постоел и чие покривање бара создавање на нов осигурителен производ.

Ризикот е нов ако не може да се покрие со промена, преку подобрување или проширување на постоечкиот осигурителен производ

# ОБВРСКА ЗА ИЗВЕСТУВАЊЕ

Според член 52 став 2 од Закон за супервизија на осигурување, друштвата за осигурување се должни на својата веб страница да ги објават општите и посебните услови на осигурување, како и нивните измени во рок од 5 дена од нивното донесување.

Во условите за осигурување, по правило, се наведуваат сите ризици кои се покриени и исклучени за секоја класа на осигурување

Судската практика  зазема став дека сите измени и дополнувања на условите на осигурување, осигурувачот мора да ги предаде на осигуреникот и да го запознае со нив

# Споредба на статистичките податоци за доброволното осигурување според извештаите на АСО

| | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 |
|---|---|---|---|---|---|
| учество во БПП | 0.10 % | 0.03% | 0.03% | 0.06% | 0.08% |
| Број на договори | 1041 | 87 | 0 | 269 | 368 |

# ПОРАСТ НА ЗДРАВСТВЕНОТО И ЖИВОТНОТО ОСИГУРУВАЊЕ

| година | Добивка по оданочување неживотно | Бпп за здравствено | Учество во вкупната бпп | Брутополисирана за животно | Учество во вкупна бпп | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **2018** | 269,65 милиони денари | 125.709 илјади денари | 1,27% | 1.669.878 | 16,82 | |
| **2019** | Нема<br>Има загуба 125,91 милиони денари | 188,885 илјади денари | 1,78% | 1.830.789 | 17,30 | |
| **2020** | 273,81 милиони денари | 273.649 Илјади денари | 2,72% | 1.740.503 | 17,29% | |

# ПРОМЕНИ ВО УСЛОВИТЕ-ПРИМЕР КРОАЦИЈА ОСИГУРУВАЊЕ

## Дополнителни услови за болничко лекување во случај на Ковид-19 на Кроација

Дополнителни услови се составен дел на Оштите услови за доброволно здравствено осигурување CROCARE и CROCARE+ и Посебните услови за колективно доброволно здравствено осигурување но ќе се применува на договори за осигурување кои ќе се договорат од страна на Акционерското друштво за осигурување Кроациа Осигурување неживот - Скопје (во понатамошен текст: Осигурувач) само доколку е договорен ризикот "Трошоци за болничко лекување во случај на Covid_19" при што Договарачот на осигурување ќе плати дополнителна премија

## Општи и посебни услови

- Во Општите услови – Кроација исклучена е обврска на осигурувачот во случај кога болеста е предизвикана од пандемија.
- Во член 13 ПУ колективно здравствено – болести од епидемиски или пандемиски размери се исклучени од обврска на осигурувачот

# ВИНЕР ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ДОБРОВОЛНО ДОПОЛНИТЕЛНО И ПРИВАТНО ОСИГУРУВАЊЕ ОД

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ДОБРОВОЛНО ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ од март 2013

Епидемија или пандемија не се исклучени како ризици од кои може да произлезат трошоци за болничко лекување

## Општи исклучоци од обврската на осигурувачот, член 14, 29.10.2020 год

Осигурувачот не е во обврска да ги надомести трошоците кога до болест, состојба односно повреда дошло поради или е поврзано со епидемија или пандемија

# ХАЛК ОСИГУРУВАЊЕ
# УСЛОВИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ДОБРОВОЛНО ПРИВАТНО ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ, ДЕКЕМВРИ 2021

Исклучени се обврските на осигурувачот кога до болест, состојба односно повреда дошло поради или е поврзано со епидемија или пандемија

# ТРОШОЦИ ЗА ЛЕКУВАЊЕ КАЈ ДОБРОВОЛНОТО ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ – ПРИМЕР СРБИЈА

Обврската на осигурувачот се исклучува во случаи на епидемиски и пандемиски ризик и не се надоместуваат трошоци за лекување

1. за повреди и болести кои се последица на епидемија или

2. епидемија и пандемија кои подразбирт појава на тешки облици на заразни болести кои привремено имаат висока преваленца(удел на заболени лица од вкупната популација)

# ВЕЛИКА БРИТАНИЈА

Закон за коронавирус од 2020 година

Условите за осигурување ги следат дефинициите содржани во законот.

Лондонското здружение на осигурувачи (Lloyd's Market Association) усвоило стандардни договорни клаузули за исклучување на покритие на ризици настанати поради коронавирус.

“Ова осигурување не покрива штети кои се на било кој начин поврзани со: (а) коронавирус болест (Ковид-19); (б) тежок акутен респираторен синдром коронавирус 2 (САРС-КоВ-2); (в) со мутација или варијацијаСАРС-КоВ-2; и (г) со страв или закана од која било од горенаведените точки

# АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕТО

Агенцијата не изготви водич за осигурениците во врска со покривањето на ризиците од КОВИД -19.

Тие изготвуваа само мерки и препораки за заштита и превензија од КОВИД-19

# НОВИ ВИДОВИ ПОЛИСИ ИНИЦИРАНИ ОД КОВИД 19

Дел од осигурителните компании во Северна Македонија, на своите клиенти почнаа да им нудат пакети за патничко осигурување, со вклучен ризик од Ковид 19, покриени медицински трошоци за лекување, како и дополнително покритие, за сите патни трошоци,за непланирано враќање во земјава.

# ПОЛИСИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ ЖИВОТ

Истражување – Прашање за осигурителна компанија

- ризикот за смрт од болест за која е прогласена пандемија (пандемија од  Ковид 19)

- дали е покриен или не

- во случај да е покриен -  доколку настане осигуран случај смрт од Ковид 19 ќе се исплати осигураната сума за смрт од болест.

# КОЛЕКТИВНО ОСИГУРУВАЊЕ ОД НЕЗГОДА – РАБОТНИЦИ, ПРИМЕР УГД

Промена во полисата од 05.09.2020-05.09.2021 и полисата од 05.09.2021-05.09.2022 во однос на претходните

Дополнителните услови за колективно осигурување на работници за последици од несреќен случај од декевмри 2020

Општите услови за осигурување на лица од незгода не содржат исклучување на пандемија/епидемија како ризик

Ризици – смрт од несреќен случај, смрт од болест, инвалидитет, дневен надомест  и трошоци за лекување

Член 7 од ДУ од 2020 година – исклучок од осигурување

"*сите заразни, професионални болести, вродени болести, сите видови малигни заболувања, сида, вирусни заболувања кои предизвикуваат смртни последици, како и последици од психички влијанија кои се манифестираат во облик на страв , хронични заболувања, депресија, несоница , инконтиненција , панично-фобични реакции , како и реакции означени со аналогни термини; епидемија, пандемија, загадена средина, радиоактивно зрачење, директно и индиректно дејствување на нуклеарна енергија.*"

# 2020-2021

# 2021-2022 ПОЛИСА НА УГД

- истиот осигурувач веќе не го покрива воопшто ризикот – смрт од болест

- осигурената вкупна сума останува исто, со поединечно зголемување на осигурената сума за смрт при несреќен случај и инвалидитет.

# РЕШЕНИЕ

Заедничка одговорност на приватниот и јавниот сектор, односно јавно приватно партнерство - во делот на осигурувањето против ризици од природни катастрофи се верува дека јавното приватно партнерство е одржливо решение